АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

Март 2026 Бр.3

## Истражувањето на мислењето на јавноста за медиумите во фокусот на јавниот состанок на АВМУ



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 30 март го одржа првиот јавен состанок за 2026 година, на кој директорот д-р Зоран Трајчевски направи пресек на реализираните активности согласно Годишната програма за работа во првиот квартал од годината.

Присутните имаа можност да се информираат за активностите поврзани со Повторните локални избори 2026, спроведените програмски и административни надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, издавачите на печатени медиуми и онлајн медиуми – интернет портали, како и за издадените дозволи за радио и телевизиско емитување, изработените анализи, активностите во областа на меѓународната соработка и европската интеграција.

На состанокот беа презентирани и наодите од Истражувањето на мислењето и ставовите на јавноста во врска со медиумите, спроведено во периодот од 27 декември 2025 година до 25 јануари 2026 година, со цел да се добие увид во перцепциите, навиките и ставовите на граѓаните во однос на медиумите и медиумските содржини.

Клучните наоди покажуваат дека телевизијата и социјалните мрежи се главни извори за информирање, со речиси идентична дневна употреба, додека интернет порталите претставуваат стабилен трет столб. Радиото и печатените медиуми имаат маргинално влијание врз информирањето. Во однос на програмските навики на гледачите, евидентна е висока заситеност со вести, серии и дебатни програми на телевизиите, наспроти изразен недостиг од образовни, културни, документарни, детски и квалитетни домашни играни содржини. Радиото успешно ја задржува улогата на „придружен медиум“, со висока слушаност во утринските часови и доминантно музичка функција. Податоците укажуваат на ниско ниво на доверба во вестите од социјалните медиуми, како и на значителен удел на граѓани кои немаат доверба во ниту еден медиум. Целото истражување е достапно на веб страната на АВМУ на линкот.

## Соопштенија за јавност

На 26 март, во врска со реакцијата на гувернерот на Народната банка, Трајко Славески, на новинарско прашање поставено од новинар на ТВ Канал 5 за време на јавен настан наменет за медиумите, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги укажа дека во комуникацијата со медиумите е неопходно доследно почитување на професионалните стандарди. Беше нагласено дека новинарските прашања се составен дел од демократскиот процес и не смеат да се третираат како напад, ниту пак новинарите смеат да се дискредитираат поради извршување на своите професионални обврски. Во соопштението беше посочено дека носителите на јавни функции имаат обврска да демонстрираат високо ниво на политичка култура, одговорност и професионалност, придонесувајќи кон зајакнување на довербата на граѓаните и медиумите во институциите. Ова е особено значајно со оглед на нивната улога во обезбедувањето транспарентност и отчетност кон јавноста. Агенцијата апелираше до сите јавни функционери да покажат соодветна почит кон медиумските професионалци и да вложат максимални напори за обезбедување услови за достоинствено, слободно и непречено извршување на нивната работа.

На 25 март, во врска со непристојниот однос на новинарот Невриј Адеми кон министерката за образование и наука, Весна Јаневска, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги укажа дека медиумските работници треба доследно да ги почитуваат професионалните новинарски стандарди и принципи. Беше нагласено дека комуникацијата помеѓу новинарите и носителите на јавни функции треба да биде коректна, достоинствена и заснована на заемна почит, со висок степен на професионализам и одговорност. Агенцијата потсети дека критичкото известување и поставувањето прашања се суштински дел од новинарската работа, но тие треба да бидат формулирани и презентирани во согласност со етичките норми на начин што не навредува, не дискредитира и не создава непотребни тензии.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

## Анализа на медиумскиот пазар во Македонија

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изработи Анализа на медиумскиот пазар во Македонија, со цел да обезбеди сеопфатни сознанија за обемот и карактеристиките на вкупниот медиумски пазар во Македонија, преку анализа на четири медиумски сектори: печатени медиуми, онлајн медиуми – интернет-портали, телевизии и радиостаници.

Наодите покажуваат дека медиумската индустрија функционира во услови на ограничен економски потенцијал и изразена фрагментација. Малиот пазар, ниските рекламни буџети и големиот број медиуми ја доведуваат во прашање финансиската одржливост и ги ограничуваат инвестициите во квалитетни содржини. Надминувањето на овие предизвици бара системски мерки насочени кон зајакнување на економската стабилност и одржливиот развој на медиумскиот сектор. Анализата на медиумскиот пазар во Македонија е достапна на веб страницата на АВМУ на линкот.

## Надзори врз радиодифузери и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги спроведе редовни програмски и административни надзори врз радиодифузерите Наша ТВ, ТВ Компани 21-М, ТВ Шења и ТВ 24 Вести, во однос на исполнување на повеќе законски обврски. Со програмските надзори беа опфатени обврските за употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 12 часа програма на телевизијата, дневно емитување најмалку 30% изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, обврските при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање и емитување игри на среќа. Дополнително, беа предмет на надзор и правилата за заштита на малолетници и за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации. Со административните надзори беа опфатени обврските за објавување на импресум, идентификација на радиодифузерот, и обезбедување информации достапни до корисниците.

При извршените надзори е констатирано дека ТВ Компани 21-М не ги се почитувала правилата за заштита на малолетници, правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, како и обврската за објавување импресум.

Спроведен е и еден вонреден административен надзор врз Наша ТВ, со цел да се утврди дали имателот на дозволата ги исполнува условите утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Надзорот покажа дека телевизијата не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени со овој правилник.

## Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Редовни програмски надзори се спроведени и врз операторите Македонски Телеком, Нафи и Беко, Скупи Кабле, Дрим Сат ИПТВ и Датаком ЈВ, во однос на обврските да обезбедат задолжително и бесплатно реемитување на програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите што ги реемитуваат.

Надзорите покажаа дека сите оператори ги почитувале обврските од ЗААВМУ.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-028/2018